*Повик за избор на модератор/ка на тркалезни маси на тема: „ Кон еднакво учество: Зголемување на квотата за жени во Собранието на Република Северна Македонија од 40 % на 50% “*

### 1. *За Сојуз – Национален совет за родова рамноправност*

Сојуз Национален Совет за Родова Рамноправност претставува национална, мултиетничка, мултигенерациска, креативна мрежа ориентирана кон иднината и посветена на постигнување родова рамноправност, развој, заштита на женските/човекови права и мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на изградба на општество со еднакви можности за сите. За спроведувањето на својата програма за 2023 НСРР обезбеди оперативен грант од фондови на Европската Унија. Во согласност со Стратегијата на НСРР, целта на годишната програма е да придонесе кон родова рамноправност и почитување на човековите права во Република Северна Македонија.

Една од целите кон кои се стреми НСРР во текот на 2024 година е:

- Еднакво учество на жените во политичкиот и јавниот живот

За таа цел НСРР има планирано имплементација на две тркалезни маси на тема: „ Кон еднакво учество: Зголемување на квотата за жени во Собранието на Република Северна Македонија од 40 % на 50% “.

### 2. *Опис на работни задачи и испорачани услуги*

Модераторот/ката ќе треба да развие методологија за спроведување на тркалезната маса во соработка со програмскиот менаџер и проектниот тим, како и да ја модерира истата. Од модераторот/ката се очекува да дејствува како неутрален учесник во дискусијата, да обезбеди сите учесници да внимаваат на временските ограничувања за време на дискусијата како и да обезбеди што помало застранување од темата и прашањата што се поставуваат за време на дискусијата. Воедно, модераторот/ката има задача да постави соодветен тон на разговорот како и, да ги поттикне гостите да учествуваат така што атмосферата ќе биде отворена и интимна.

**Цел и содржина на тркалезната маса ќе биде:**

Целта на тркалезните маси е да се поттикне дискусија за унапредување на родовата еднаквост во политичкото претставување, преку конкретни измени на Изборниот законик. Преку заеднички дијалог меѓу претставнички од политички партии, ќе се разгледаат можностите и потребата за:

- Зголемување на квотата за застапеност на жените во Собранието на РСМ;
- Подигнување на јавната свест за важноста на еднаквата застапеност на жените;
- Идентификување на предизвици и решенија поврзани со темата;
- Истакнување на позитивни практики;
- Формулирање на предлози и препораки за застапување кај релевантните институции.

## 3. Специфични активности и очекувани резулати

Следните активности треба да бидат реализирани од страна на модераторот/ката:

- Да модерира две тркалезни маси;
- Пред тркалезните маси да подготви предлог  подтеми за дискусија, развивање на агенда и материјали и истите ќе ги сподели со раководителката на проектот;
- Да обезбеди сите учесници да внимаваат на временските ограничувања за време на дискусијата;
- После спроведените тркалезни маси да изготви и поднесе извештај најдоцна 7 работни дена по завршувањето на истите;
- Да обезбеди секој да добие шанса да се вклучи во дискусијата;
- Да ја разработи темата за дискусија со цел да обезбеди соодветна структура за поставување прашања и добивање одговори, модерирање на дискусија и евидентирање на промени во текот на дискусијата;
- Ќе се погрижи учесниците да се чувствуваат удобно да поставуваат прашања, како и да прифатат неосудувачки пристап кон гледпштата на останатите учесници;
- Да им посочи на учесниците дека тркалезната маса ќе остане доверлива;
- Да се придржува до етичките и професионалните стандарди;

## 4. Времетраење и период на спроведување на активностите

За овој ангажман се предвидени два работни дена. Активноста ќе се реализира во првата половина на месец јуни 2025 година. Ангажманот е планирано да се реализира на македонски јазик.

5. ***Квалификации и барање кои треба да ги задоволи модераторот/ката:***

Модераторот/ката се очекува да ги исполнува следните критериуми:

**Општо професионално искуство:**

- Високо образование од областа на општествените науки;
- Минимум 5 години работно искуство.

Специфично професионално искуство и вештини:

- Искуство во работа со претставници/чки од државните институции, Собранието на РСМ, граѓански организации;
- Познавање и работно искуство во рамки на темата поврзана со политичко јакнење на жените;
- Одлично познавање на македонски јазик;
- Одлични комуникациски вештини;
- Способност за работење со кратки рокови и навремено испорачување на услуги.

6. Пријавување и избор

Заинтересираните кандидати/ки може да се пријават со доставување на следниве документи:

- Професионално CV;
- Писмо за искажување на интерес;
- Предлог методологија ;
- Финансиска понуда.

Пријавите треба да се достават најдоцна до 1 јуни 2025 година, на е – пошта: sozm@t.mk , stankovikmartina@gmail.com , teazografska@gmail.com . Апликација за модератор/ка на тркалезна маса.

Критериум за избор на модераторка, се претходно релевантно искуство, квалитетот на предложената методологија и финансиската понуда. Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор може да бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат

Co-funded by
the European Union